Уп. Бр.08-51/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мерцедес-Бенц Груп АГ (Mercedes-Benz Group AG) Мерцедесштрасе 120, 70372 Штутгарт, Германија (Mercedesstraße 120, 70372 Stuttgart, Germany), преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 23.03.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на преносот на јужнокорејската деловна активност за камиони од брендот Мерцедес-Бенц на друштвото Даимлер Тракс Кореа Лтд (*Daimler Trucks Korea Ltd*), со регистрирана адреса на 8-ми кат, Плоштад Сеул, 416, Ханганг-даеро, Јунг-гу, Сеул 04637, Јужна Кореја (*8th Floor, Seoul Square, 416, Hangang-daero, Jung-gu, Seoul 04637, South Korea*), на друштвото Мерцедес-Бенц Кореја Лимитед (*Mercedes-Benz Korea Limited*), со регистрирана адреса на 9-ти кат, Плоштад Сеул, 416, Ханганг-даеро, Јунг-гу, Сеул 04637, Јужна Кореја (*9th Floor, Seoul Square, 416, Hangang-daero, Jung-gu, Seoul 04637, South Korea*), дел од Мерцедес-Бенц Груп АГ, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 25.02.2022 година, а дополнета на 28.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Мерцедес-Бенц Груп АГ (Mercedes-Benz Group AG) Мерцедесштрасе 120, 70372 Штутгарт, Германија (Mercedesstraße 120, 70372 Stuttgart, Germany), која се однесува на преносот на јужнокорејската деловна активност за камиони од брендот Мерцедес-Бенц на друштвото Даимлер Тракс Кореа Лтд (*Daimler Trucks Korea Ltd*), со регистрирана адреса на 8-ми кат, Плоштад Сеул, 416, Ханганг-даеро, Јунг-гу, Сеул 04637, Јужна Кореја (*8th Floor, Seoul Square, 416, Hangang-daero, Jung-gu, Seoul 04637, South Korea*), на друштвото Мерцедес-Бенц Кореја Лимитед (*Mercedes-Benz Korea Limited*), со регистрирана адреса на 9-ти кат, Плоштад Сеул, 416, Ханганг-даеро, Јунг-гу, Сеул 04637, Јужна Кореја (*9th Floor, Seoul Square, 416, Hangang-daero, Jung-gu, Seoul 04637, South Korea*), дел од Мерцедес-Бенц Груп АГ.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Концентрацијата се однесува на конкретен чекор од глобалната реорганизација на она што претходно била Групација Даимлер (*Daimler Group*), предводена од друштвото Даимлер АГ (*Daimler AG*), сега наречена Мерцедес-Бенц Груп АГ.

Мерцедес-Бенц Груп АГ ја одвоил својата деловна активност за камиони и автобуси во независна корпоративна групација, сега предводена од Даимлер Трак Холдинг АГ, со регистрирана деловна адреса на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија (*Fasanenweg 10, 70771 Leinfelden-Echterdingen, Germany*), во согласност со што Мерцедес-Бенц Груп АГ и Даимлер Трак Холдинг АГ сега се два независни субјекти *меѓу другото* во смисла на правилата за контрола на концентрации.

Бидејќи сите чекори од глобалната реорганизација не можеле да се случат навреме за Спин-офот на 9 декември 2021 година и последователното котирање на акциите на Даимлер Трак Холдинг АГ на 10 декември 2021 година, одредени понатамошни трансакции помеѓу Мерцедес-Бенц Груп АГ и Даимлер Трак Холдинг АГ биле неопходни за да се заврши одвојувањето на овие корпоративни групации.

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Мерцедес-Бенц Кореја Лимитед е дел од Мерцедес-Бенц Груп АГ.**

**Мерцедес-Бенц Груп АГ** е јавно котирана акционерска корпорација, основана согласно законите на Германија, со седиште во Штутгарт, Германија. Таа е матично друштво на Групацијата Мерцедес-Бенц кое развива, произведува и дистрибуира автомобилски производи, главно патнички автомобили и комбиња и обезбедува сродни финансиски услуги и услуги за мобилност на глобално ниво.

Пред Спин-офот, Мерцедес-Бенц Груп АГ било матичното друштво на она што била Групација Даимлер, организирано во три дивизии и предводена од претпријатијата-ќерки на Мерцедес-Бенц Груп АГ во нејзина целосна сопственост: (1) Мерцедес-Бенц АГ, која управуваше со деловната активност за патнички автомобили и комбиња на Групацијата; (2) Даимлер Трак АГ, која управуваше со деловната активност за камиони и автобуси на Групацијата; и (3) Даимлер Мобилити АГ (*Daimler Mobility AG*), која меѓу другото, ја поддржа продажбата на брендовите на Групацијата со приспособени услуги за мобилност и финансиски услуги ширум светот.

Мерцедес-Бенц АГ управува со Деловната активност за автомобили и комбиња под брендовите Мерцедес-Бенц и смарт. Мерцедес-Бенц АГ е поделена на дивизиите Мерцедес-Бенц Карс (анг. *Mercedes-Benz Cars*) и Мерцедес-Бенц Венс (анг. *Mercedes-Benz Vans*).

Мерцедес-Бенц Карс нуди автомобили кои се движат од компактни модели до премиум автомобили, вклучувајќи теренци, роудстери, купеа итн. Брендот Мерцедес-Бенц е дополнет со под-брендовите Мерцедес-ЕК (*Mercedes-EQ*), Мерцедес-АМГ (*Mercedes-AMG*) и Мерцедес-Мејбах (*Mercedes-Maybach*).

Мерцедес-Бенц Венс е глобален снабдувач на портфолио на комбиња и сродни услуги, почнувајќи од големи комбиња од брендот Спринтер (*Sprinter*) преку

комбиња со средна големина од брендот Вито (*Vito*) и комбиња за урбана испорака од брендот Ситан (*Citan*) до комбиња со кампери.

Даимлер Мобилити АГ ја поддржува продажбата на автомобилските брендови на Групацијата низ целиот свет со прилагодени услуги за мобилност и финансиски услуги. Основните брендови на Даимлер Мобилити се Мерцедес-Бенц Бенк (*Mercedes-Benz Bank*), Мерцедес-Бенц Фаіненшл Сервисис (*Mercedes-Benz Financial Services*) и Атлон (*Athlon*).

**Даимлер Тракс Кореа Лтд.** е дистрибутер на комбиња од брендот Мерцедес-Бенц во Јужна Кореа. Неjзините деловни активности во врска со комбиња ќе бидат пренесени на Мерцедес-Бенц Груп АГ во форма на трансакција што ги вклучува средствата на друштвото.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**